# З А П И С Н И К
од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 1 јули 2025 година

Скопје, јули 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 1 јули 2025 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и Саше Павловски, заменик-шеф на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Стојанче Ангелов, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Марија Андоновска, директор на ЈЗУ Институт за јавно здравје, како и Методија Ристоски, нотар.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за

енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 3 јуни 2025 година

- Усвојување на Записникот од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 17 јуни 2025 година

- Усвојување на Записникот од Осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2025 година

- Усвојување на Записникот од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 24 јуни 2025 година

1. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (тринаесетта одлука)

2. Информација за именување членови на Групата за процена, со Предлог-решение

3. Предлог-решение за изменување на Решението за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи

4. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о (вкупно 3)

5. Предлог-одлуки за престанување на важењето на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда/одлука (вкупно 14)

6. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија, во Катастарот на недвижности (КП бр.6271 за КО Охрид)

7. Статут на Центарот за образование на возрасните, со Предлог-одлука

8. Информација за потребата од добивање на согласност за остранување на опасен хемиски отпад на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

9. Информација за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување (10 возила)

11. Информација во врска со потпишување договор за имплементација на проект „Поддршка на процесот на декарбонизација на Република Северна Македонија преку интегрирано управување со шумските пожари и зајакнување на размената на информации за клима", финансиран од Зелениот климатски фонд, со текст на Договор

12. Извештај за извршени преговори за потпишување на Протокол за соработка во областа на науката, технологијата и иновациите меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Советот за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK), со усогласен текст на Протокол

13. Предлог – одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Славчо Стојменски“, Виница и ООУ „Гоце Делчев“ Виница)

14. Предлог – одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Дане Крапчев“, Скопје, Гази Баба и ООУ „Кирил и Методиј“, Стајковци- Гази Баба-Скопје)

15. Предлог – одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Прилеп и ООУ „Добре Јованоски“ Прилеп)

16. Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

17. Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

18. Предлог на закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

19. Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2024 година

20. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024 година

21. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за 2024 година

22. Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2024 година

23. Годишен извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2024 година

24. Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, за периодот 1.1.2024 - 31.12.2024 година

25. Извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2024 година

26. Кадровски прашања

27. Прашања и предлози

28. Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2024 година

29. Извештај за извршени преговори за Владата ги разгледа Препораките од Партиципативен форум во 2024 година на Агенцијата за остварување на правата на заедниците

30. Годишен извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2024 година

31. Предлог на закон за внатрешни работи

32. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција

33. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за домување

34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај

35. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура, по скратена постапка

36. Предлог на закон за контрола на индустриски емисии (*)

37. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.773, КО Норово)

38. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.248/6, КО Војшанци)

39. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.248/5, КО Војшанци)

40. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.408/3 и КП бр.408/4, КО Војшанци)

41. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.408/5 и КП бр.408/6, КО Војшанци)

42. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање на земјоделски производи

43. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година

44. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година

45. Предлог-програма за изменување на Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година

46. Финансиски план за измена и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука

47. Предлог-одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот

48. Информација за потребата на доделување на Амандман бр.6 кон склучениот Договор Влада со Влада MK-B-UCC, за набавка на лесни оклопни возила на тркала JLTV, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување (возила)

50. Предлог – одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање

51. Предлог-програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година

52. Информација за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за спорт, со Предлог-одлука

53. Предлог-одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади

54. Предлог - уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2026 година

55. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата

56. Предлог-одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за култура

57. Предлог - одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година

58. Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Казанџи холдинг АС, Друштво организирано според законите на Република Турција

59. Информација за статусот на реализација на проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Источен и Североисточен Регион“

60. Информација за потребата од итно одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за итна набавка на противпожарна опрема (1.000 метли и 1.000 грбни прскалки-напртњачи)

61. Информација за потпишување на Договорот за доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија“, со текст на Договор

62. Предлог-одлука за предавање недвижност во владение на Општина Штип

63. Информација за потребата од реконструкција на постојаните објекти на болниците во Штип и Тетово, доградба на два павиљона во болницата во Тетово, изградба на нова болница во Кичево како и опремување со медицинска опрема на истите и дигитализација во здравството

64. Информација за потребата од регулирање и модернизација на паркингот во Клинички кампус „Мајка Тереза“ и одобрување за инвестициско партнерство со ЈП „Градски паркинг Скопје“

65. Информација за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Дирекцијата за заштита и спасување, со Предлог-одлука

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Седумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 3 јуни 2025 година, Записникот од Осумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 17 јуни 2025 година, Записникот од Осумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јуни 2025 година и Записникот од Осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 24 јуни 2025 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (тринаесетта одлука).

<u>Точка 2</u>

Владата ја разгледа Информацијата за именување членови на Групата за процена, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за именување членови на Групата за процена.

<u>Точка 3</u>

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи.

## Точка 4

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о (ТМВ сканиа).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о (приколка коегел).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о (ТМВ даф).

## Точка 5

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (пмв Мерцедес Е270).

2. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за управување со одземен имот (тмв Ивеко).

3. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за економија – Државен пазарен инспекторат (пмв Опел Астра).

4. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв БМВ).

5. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Гранд Чирок).

6. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Врапчиште (пмв Пасат).

7. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Крушево (пмв Нисан Патрол).

8. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Студеничани (пмв Џип Чирок).

9. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Основно јавно обвинителство – Скопје (пмв Ауди А8).

10. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (пмв Мерцедес Ц220).

11. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавна здравствена установа Здравствен дом – Куманово (пмв Алфа Ромео).

12. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија (пмв Опел Астра).

13. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за квалитет во високото образование (пмв Фолсваген Туран).

14. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за управување со одземен имот (пмв Хјундаи Галопер).

## Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија, во Катастарот на недвижности (КП бр.6271 за КО Охрид).

## Точка 7

Владата го разгледа Статутот на Центарот за образование на возрасните, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Центарот за образование на возрасните.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од добивање на согласност за остранување на опасен хемиски отпад на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина, во најбрз можен рок да изврши вонреден инспекциски надзор за утврдување на состојбата околу безбедноста и опасноста од хемискиот отпад во Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и записникот со константиранаta состојба, веднаш да го достави до Институтот.

2.Формира координативна група со претставници од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Царинската управа, Бирото за јавни набавки, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Дирекцијата за заштита и спасување, со цел да се изнајде соодветно решение за спроведување на постапката за отстранување на опасниот хемиски отпад, кое предлагачот да го достави на разгледување и одлучување до Владата.

3.Се препорачува на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, да спроведе постапка за јавна набавка за отстранување на хемиски отпад со помош на правно лице/здружение на правни лица кое врши дејност и поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување хемиски отпад согласно насоки добиени од страна на координативната група формирана од Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија-Министерство за животна средина и просторно планирање за 2025 година.

## Точка 10

Владата ја разгледа Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување (10 возила) и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекцијата за заштита и спасување (10 возила) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 11

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со потпишување договор за имплементација на проектот „Поддршка на процесот на декарбонизација на Република Северна Македонија преку интегрирано управување со шумските пожари и зајакнување на

размената на информации за клима",  финансиран од Зелениот климатски фонд, со текст на Договор, за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се разгледа во присуство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Протокол за соработка во областа на науката, технологијата и иновациите меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Советот за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK), со усогласен текст на Протокол и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за соработка во областа на науката, технологијата и иновациите меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Советот за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK).

2. Се овластува проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, да го потпише Протоколот за соработка во областа на науката, технологијата и иновациите меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Советот за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK).

**Точка 13**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Славчо Стојменски“, Виница).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Виница).

**Точка 14**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Дане Крапчев“, Скопје, Гази Баба).

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, Стајковци- Гази Баба-Скопје).

**Точка 15**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, за потребите на ООУ „Кочо Рацин", Прилеп).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (опрема за подобрување на мрежната инфраструктура, за потребите на ООУ „Добре Јованоски", Прилеп).

**Точка 16**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, поради потребата Министерството за економија и труд, во соработка со Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење.

**Точка 17**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, поднесен од група пратеници (член 165 став (1), поради потребата Министерството за економија и труд, во соработка со Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење.

**Точка 18**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија смета дека со вака предложеното законско решение во нетранспарентна скратена постапка, постои опасност од нарушување на целиот концепт на финансирање на политичките партии и дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за изменување на Законот за финансирање на политичките партии, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 19**

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2024 година, поради потребата Министерството за дигитална трансформација, во соработка со Министерството за јавна администрација, да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење.

## Точка 20

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2024 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да достави заедничко/обединето мислење, подготвено во соработка со Министерството за образование и наука.

## Точка 21

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен за 2024 година, поради потребата Министерството за јавна администрација да подготви заедничко (обединето) мислење во соработка со Министерството за правда, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 22

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на личните податоци за 2024 година и нема забелешки по истиот.

## Точка 23

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за 2024 година, поради потребата Министерство за социјална политика, демографија и млади да достави заедничко/обединето мислење подготвено во соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за финансии.

## Точка 24

Владата го одложи од разгледување Годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, за периодот 1.1.2024 - 31.12.2024 година, поради потребата Министерството за правда да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење, во соработка со Министерството за внатрешни работи, Министерството за европски прашања, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за образование и наука, Министерството за локална самоуправа, Министерството за транспорт, Министерството за односи меѓу заедниците, Секретаријатот за законодавство, Министерството за култура и туризам, Министерството за финансии, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за јавна администрација, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија и труд, Министерството за спорт, Министерството за животна средина и просторно планирање и Кабинетот на заменикот на

претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење.

**Точка 25**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Агенцијата за администрација за 2024 година и по текстот на истиот нема забелешки и дава позитивно мислење.

**Точка 26**

1. Владата го избра Александар Маневски за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

2. Владата го разреши Иљбер Љимани од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправна установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

3. Владата го именува Иљбер Љимани за заменик на директорот на Казнено поправна установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата ја именува Далиборка Анакиевска за член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево, од редот на корисниците, предложен од Советот на корисници.

5. Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Кичево ги именува:

претставник од редот на корисници, предложен од Советот на корисници
- Агрон Ајрулаи

претставник од Советот на општината
- Мирјета Фетоја Бајрами.

6. Владата го разреши Шкумбин Ибраими од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово-претставник на основачот, на негово барање, поради судир на интереси.

7. Владата го именува Благојче Гаревски за член на Управниот одбор на ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар, од редот на корисниците предложен од Советот на корисници.

8. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, поради истек на мандатот ги разреши:

- д-р Душица Трпчевска –Анѓелковиќ и
- м-р Јулијана Ставревски

8.1 Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за планирање на просторот, претставници од вработените на Агенцијата ги именува:

- д-р Душица Трпчевска –Анѓелковиќ, дипл.инж.арх.- раководител на Сектор за просторно планирање и
- м-р Јулијана Ставревски, дипл.инж.арх.- раководител на Сектор за урбанистичко планирање.

9. Владата формира Комисија за селекција за избор на 1 (еден) член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. и 1 (еден) член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, во следниот состав:

- Благоја Ташаминов- претседател
- Анета Стојановска- заменик - претседател

од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

- Марија Апостолова Николовска- член
- Дејан Герасимовски - заменик - член

од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- Надица Апостоловска - член
- Македонка Тимова -заменик - член

од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

- Шиќири Коруми - член
- Љупчо Камчев - заменик - член

од редот на вработените во Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о,

- Перо Ристоски, член
- Мимоза Бела, заменик - член

од редот на вработените во Јавно претпријатие за државни патишта

- Ванчо Милевски, член
- Кирил Каркалашев, заменик - член

10. Владата даде согласност на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр. 02-2638/1 од 27.6.2025 година, со која за вршител на должноста заменик директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се именува Вахит Ферати.

11. Владата го разреши проф. д-р Љуљзим Адеми од должноста член на Национална комисија за учебници за основно и средно образование, на негово барање.

11.1. Владата го именува проф. д-р Исмет Османи за член на Национална комисија за учебници за основно и средно образование, од високообразовните и научните установи од областа на јазиците.

12. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб страниците на јавните претпријатија, да објави јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управниот/Надзорен одбор во јавните претпријатија основани од Владата и тоа:

- 1 (еден) член на Управниот одбор на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. ;
- 1 (еден ) член на Надзорниот одбор на Јавно претпријатие за државни патишта.

<u>Точка 27</u>

**1.** Владата го задолжи Министерството за правда, во рок од 30 дена, до Владата да достави предлог на закон за изменување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*), во насока да предвиди олеснување на постапката и можноста за отстапување на одземените предмети и конфискуваниот имот на државните органи без надоместок, без претходно да се спроведува постапката за продажба на истите.

**2.** Владата го разгледа Предлог-решението за формирање на Работна група за изготвување на иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М - НАВ АД, Скопје и го донесе Решението за формирање на Работна група за изготвување на иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М - НАВ АД, Скопје и заклучи во точката 1, алинеја 8, наместо „Горан Апостоловски-Министерство за економија и труд, член;“ да биде „Локман Шаќири- Министерство за економија и труд, член;“.

**Точка 28**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата укажува на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, да ги има предвид забелешките изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 29**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за Владата ги разгледа Препораките од Партиципативен форум во 2024 година на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за правда, во рок од 90 дена, до Владата да достави предлог на закон за изменување на Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија, во насока на усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

**Точка 30**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата го разгледа Предлогот на закон за внатрешни работи, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

**Точка 32**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереник Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

## Точка 33

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

## Точка 34

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.
2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

## Точка 35

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон кој се донесува по редовна постапка и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Албрим Хоџа, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници м-р Борче Серафимовски, државен секретар во Министерството за

земјоделство, шумарство и водостопанство и Васе Симовска Бошкова, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 36

Владата не расправаше по Предлогот на закон за контрола на индустриски емисии (*).

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.773, КО Норово).

## Точка 38

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.248/6, КО Војшанци).

## Точка 39

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.248/5, КО Војшанци).

## Точка 40

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.408/3 и КП бр.408/4, КО Војшанци).

## Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.408/5 и КП бр.408/6, КО Војшанци).

## Точка 42

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање на земјоделски производи.

## Точка 43

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

## Точка 44

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

## Точка 45

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година.

## Точка 46

Владата го разгледа Финансискиот план за измена и дополнување на Финансискиот план на Централниот регистар на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Финансискиот план за измена и дополнување на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2025 година.

## Точка 47

Владата ја разгледа Предлог- одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за потребата на доделување на Амандман бр.6 кон склучениот Договор Влада со Влада МК-В-UCC, за набавка на лесни оклопни возила на тркала JLTV, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го утврди усогласениот текст на Амандманот бр.6 кон склучениот Договор Влада со Влада МК-В-UCC, за набавка на лесни оклопни возила на тркала JLTV, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

2. Се овластува Елизабета Чуповска-Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Амандманот бр.6 кон склучениот Договор Влада со Влада МК-В-UCC, за набавка на лесни оклопни возила на тркала JLTV, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија пред потпишување на Амандманот бр.6 кон склучениот Договор Влада со Влада

МК-B-UCC, за набавка на лесни оклопни возила на тркала JLTV, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност во Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Дирекција за заштита и спасување (возила).

Точка 50

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање и условно ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, доколку текстот на истата се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 51

Владата ја разгледа Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година и ја донесе Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

*

*   *

Владата на Деведесет и седмата седница на Владата, одржана на 29 јули 2025 година, повторно ја разгледа Предлог-програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година и ја донесе Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година.

Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата  за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за спорт, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од  надлежност на Министерството за спорт, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 53

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 54

Владата ја разгледа Предлог - уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2026 година и ја донесе Уредбата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

Точка 55

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за економија и труд.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за метрологијата да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереник Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Точка 56

Владата ја разгледа Предлог-одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за култура и туризам и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

Точка 58

Владата го одложи разгледувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Казанџи холдинг АС, Друштво организирано според законите на Република Турција, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања и комплетирање на материјалот, согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

Точка 59

Владата не расправаше по Информацијата за статусот на реализација на проектот „Затворање на непрописни депонии и ѓубришта во Источен и Североисточен Регион".

Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од итно одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за итна набавка на противпожарна опрема (1.000 метли и 1.000 грбни прскалки-напртњачи) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии до Владата да достави предлог-одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во износ од 30.750.000,00 денари, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

2. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување итно да ја изврши предметната набавка на противпожарна опрема за гаснење пожар на отворен простор - 1.000 метли и 1.000 грбни прскалки-напртњачи.

Точка 61

Владата не расправаше по Информацијата за потпишување на Договорот за доделување на техничка и финансиска помош за проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија", со текст на Договор.

Точка 62

Владата не расправаше по Предлог-одлуката за предавање недвижност во владение на Општина Штип.

Точка 63

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реконструкција на постојаните објекти на болниците во Штип и Тетово, доградба на два павиљона во болницата во Тетово, изградба на нова болница во Кичево како и опремување со медицинска опрема на истите и дигитализација во здравството и условно ја усвои Информацијата и заклучоците, кои

Министерството за здравство ќе ги усогласи со Министерството за транспорт, а Министерството за финансии да достави мислење по материјалот.

Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од регулирање и модернизација на паркингот во Клиничкиот кампус „Мајка Тереза“ и одобрување за инвестициско партнерство со ЈП „Градски паркинг Скопје“ и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за здравство, а се укажува на ЈП „Градски паркинг Скопје“, да потпишат соодветен договор до 15 јули 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство да доставува извештај до Владата за напредокот на проектот до неговото финализирање.

Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Дирекцијата за заштита и спасување, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Дирекцијата за заштита и спасување.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:50 часот.

**Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Хасим Муртезани**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски
Проверил: Никола Пасков
Контролирал: Стојанчо Радичевски
Согласен: Снежана М. Пендовски